784.9:[784.4:398.87(497.7)
784.9:781.62

Ленче Насев

# МАКЕДОНСКОТО ТРАДИЦИОНАЛНО ПЕЕЊЕ ОД БАЛАДЕН ТИП КАКО ПРИМЕР ОД МУЗИЧКИОТ ФОЛКЛОР ВО НАСТАВАТА ПО СОЛФЕЖ

Баладниот тип на пеење како музичко-поетско изразување, за прв пат во македонската етномузикологија е издвоено и претставено во книгата *Македонското традиционално народно пеење од баладен тип*[1]. Во книгата се застапени нотни и текстуални примери на баладни песни. Преку одбрани примери во овој труд ќе ја прикажеме можноста за нивно имплементирање како инструктивен фолклорен материјал во наставата по солфеж.

Книгата е поделена во два дела. Првиот дел е изложен во шест поглавја во кои:

- теоретски се објаснува терминот „балада“, неговата употреба во областа на литературата и фолклористиката како дел од усната продукција на македонскиот народ
- се прикажуваат обидите за тематска класификација на баладите. Величковска ја прифаќа класификацијата на Фанија Попова низ чија призма се осврнува кон баладниот тип на пеење во состав на другите жанрови во македонското традиционално музичко-поетско изразување
- се издвојуваат карактеристиките на баладниот тип на пеење со примена на етномузиколошка анализа на песните.

Од анализата на баладите собрани на теренските истражувања Величковска констатира дека „баладното пеење е најсочувано во југоисточните обредно-пеачки традиции, особено во Малешевско-Пијанечкиот регион, кои имаат ороводен карактер, а се интерпретираат на собирите во селските заедници за време на големите и најзначајните празници“ (Величковска, 2009:26). Покрај тоа што се пеат на Велигден, Ѓурѓовден и други поголеми празници од календарскиот циклус, тие се дел и од жетварското, свадбарското и службарското пеење (Исто:26).

[1] Родна Велчиковска, *Македонското традиционално народно пеење од баладен тип,* Скопје, Маска, 2009.

Во вториот дел од книгата изложени се осумдесет нотни и текстуални примери на песните. Како корисен податок во рамките на дешифрираните примери наведени се податоци за магнетофонските ленти и касети, дешифраторот, снимателот, мелографот, интерпретаторот, областа (регионот), како и видот на песните.

Солфежот како предмет во музичкото образование бара одредена ширина која ќе се реализира преку користењето на разновидна литература, слично на инструменталната настава, со цел да се постигне крајниот резултат, односно причината на постоењето на овој предмет, а тоа е „репродуцирање на секој нотен текст со толкување на сите знаци кои што го следат“ (Васиљевић,1982:5).Тежината на предметот се движи од мелодиски примери со едноставен ритам, па се до примери во кои е неопходна развиена техника на пеење, преку која во моментот ќе се донесе целосна интерпретација на сите изразни средства.

Нотните и текстуалните примери од книгата *Македонското традиционално народно пеење од баладен тип* отвараат нов простор и можност за нивно вметнување во наставата по солфеж, особено од гледиште на ритамот. Застапените силабични песни, во кои ритамот е во зависност од метриката на текстот, можат да се искористат за поставка рамноделните ритмови.

Пример 1 Величковска, *Македонското традиционално пеење од баладен тип*, (2009: пример 14.)




Песната *Пила Неда ноќна вода,* која е прикажана во две варијанти, е погодна за согледување на развојниот пат на ритмичката прогресија од силабика кон мелизматика.

Пример 2 Величковска, *Македонското традиционално пеење од баладен тип*, (2009: примери 3. и 2.)







Меѓу ритмовите се сретнува и пример со троделна единица на броење, преку кој латентно се чувствуваат западните влијанија.

Пример 3 Величковска, *Македонското традиционално пеење од баладен тип*, (2009: пример 74.)



Богатството на нерамноделниот ритам (5/8, 7/8, 11/8…) на македонските простори е неспорен. Најзастапени се примерите во 7/8 тактови структура, во која ритамот изразува движење.

Пример 4 Величковска, *Македонското традиционално пеење од баладен тип*, (2009: пример 41.)




Дел од примерите можат да послужат и за поставување и утврдување на различни ритмички фигури (пунктирани ноти, синкопи…), предтакт.

Пример 5 Величковска, *Македонското традиционално пеење од баладен тип*, (2009: пример 5.)



Двогласните примери од баладен тип од постариот слој воглавно се засновани на созвучјето секунда и се од бордунски тип. Вкрстувањето на гласовите настанува најчесто во цезурата на стихот, во каденцата. Овие примери се погодни за синхронизирање на бојата на гласовите, како и одржување на чиста интонација.

Пример 6 Величковска, *Македонското традиционално пеење од баладен тип*, (2009: пример 63.)




Некои песни се без метричка поделба. Тактот на овие песни лежи во ритамот на самиот текст. Назначувањето на рубато ритамот упатува на нерамномерно одвивање на мелодијата. Овие песни ги карактеризира музицирање без цврсто единство на временската тензија. Отсуството на акцентот во градбата на песната е компензиран со присуството на цезури (паузи) со чија помош се зголемува драматичноста и се привлекува вниманието на слушателот. Па оттука при исполнување на овие примери треба да се тежнее кон изведување без броење, во назначеното темпо. Квалитетот на интерпретацијата ќе зависи од одбирањето на ритмичката мерна единица на исполнителот, како и неговиот талент.

Пример 7 Величковска, *Македонското традиционално пеење од баладен тип*, (2009: пример 44.)




**Заклучок**

Прикажаните примери од книгата *Македонското традиционално пеење од баладен тип* ја потврдуваат можноста за нејзино имплементирање како дополнителна литература во наставата по солфеж во основното, средното музичко образование и во факултетската настава.

На тој начин постојната литература ќе се збогати со нови музички примери за поставување на ритмичките видови, фигури, интонација. Покрај тоа примерите од оваа книга можат да се применат и во работата на ритмичките диктати.

Користењето на овој вид литература во наставата по солфеж е вредно од причина што таа претставува и извонредно средство за зачувување македонското музичко наследство од заборав.

**Литература:**

Васиљевић, Зорислава, *Мелодика 1*, Солфеђо, Београд, 1982,5.
Велчиковска, Родна, *Македонското традиционално народно пеење од баладен тип*, Скопје, Маска, 2009.

Summary

The subject of this study was sheet music of Rodna Velickovska's book *Macedonian traditional folk singing of balladic type*. A detailed analysis of sheet music examples from the book related the possibility of implementing the same in solfeggio teaching. Therefore, the book can be used as complementary literature in the areas that are included in the teaching of rhythm.